РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-170/28
17.02 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука -Биро за развој на образованието
Ministria e ArsimitdheShkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - 17-02-2026

| Примено: Pranuar: | | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numër: 26-49 | 53 | |

До
**Министерство за образование и наука**
**Педагошка служба**

**Предмет:** Стручно мислење за учебник по географија за осмо одделение основно деветгодишно образование

**Врска**: Ваш допис бр. 26-49/40 од 28.01.2026 година, наш бр. 09-170/1 од 28.1.2026 година

Почитувани,

Вашето барање бр. 26-49/40 од 28.01.2026 година од Министерството за образование и наука – Педагошка служба во Бирото за развој на образованието е внимателно разгледано и врз основа на тоа во прилог, Ви доставуваме Стручни мислења за исполнетост на критериумите за употреба на учебник по наставниот предмет географија за осмо одделение основно деветгодишно образование.

Со почит,

Директор
м-р Милка Тримчевска

Прилог: Стручни мислења

Изготвил: Комисија формирана за давање мислење со Решение бр. 02-170/10 од 2.02.2026 година
Контролирал: м-р Афродита Давко, раководител на одделение
Одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

170/28

Министерство за образование и наука -Биро за развој на образованието
Ministria e ArsimitdheShkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**Стручно мислење за учебник по географија за осмо одделение основно деветгодишно образование врз основа на Решение бр. 02-170/10 од 2.02.2026 година со шифра 27**

Комисијата внимателно го разгледа доставениот ракопис на учебник по предметот Географија за осмо одделение на деветгодишното основно образование со шифра 27 и врз основа на наставната програма по Географија за осмо одделение, „Концепцијата за деветгодишно основно образование", „Концепцијата за изработка на учебник" и „Методологијата за вреднување на учебник" го дава следното Стручно мислење:

Од направената анализа на ракописот за учебник по Географија за осмо одделение од деветгогодишното основно образование, Комисијата утврди дека истиот е изработен во обем од 201 страница и во него се истакнати следните елементи: предговор, водич низ учебникот и содржина.

Во однос на подрачјето, усогласеност со наставната програма, учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. Содржините во учебникот се развиени согласно стандардите за оценување и резултатите од учењето. Поимите опфатени во учебникот се предвидени во наставната програма.

Во однос на изборот и приказот на содржините, лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/очекувани резултати и наставни содржини. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. Нивото на тежината на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. Учебникот не развива стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав на државите и промовираат почитување на сите заедници.

Во однос на подрачјето, поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење. Учебникот овозможува учениците сами да учат од него и самостојно да извлекуваат заклучоци.

Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. Во учебникот не се забележани јазични и правописни грешки.

Во однос на подрачјето, дизајн, во учебникот графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Секоја илустрација е логички распоредена, графички обликувана, посебно насловена и одделена од текстот. Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот ги задоволува естетски стандарди.

Согласно горенаведеното, Комисијата констатира дека ракописот за учебник ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. Содржините во учебникот се развиени согласно стандардите за оценување и резултатите од учење. Учебникот овозможува учениците сами да учат од него и самостојно да извлекуваат заклучоци.

Според тоа, Комисијата за ракописот на учебник за наставниот предмет по Географија за осмо одделение од деветгодишното основно образование со шифра 27 дава позитивно стручно мислење.

Комисија:

м-р Ирена Никоска Ајановска, Советник

м-р Трајче Калевски, Советник

**Стручно мислење за учебник по географија за осмо одделение основно деветгодишно образование врз основа на Решение бр. 02-170/10 од 2.02.2026 година со шифра 28**

Комисијата внимателно го разгледа доставениот ракопис на учебник по предметот Географија за осмо одделение на деветгодишното основно образование со шифра 28 и врз основа на наставната програма по Географија за осмо одделение, „Концепцијата за деветгодишно основно образование", „Концепцијата за изработка на учебник" и „Методологијата за вреднување на учебник" го дава следното Стручно мислење:

Од направената анализа на ракописот за учебник по Географија за осмо одделение од деветгогодишното основно образование, Комисијата утврди дека истиот е изработен во обем од 114 страници и во него се истакнати следните елементи: предговор и содржина.

Во однос на подрачјето, усогласеност со наставната програма, учебникот во голем дел ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. Во учебникот се застапени содржини кои не се доволно во функција на постигнување на стандардите за оценување и предвидените резултати од учењето. Постојат и стандарди за оценување, предвидени со наставната програма за осмо одделение, кои не се целосно опфатени. Поимите опфатени во учебникот се предвидени во наставната програма.

Во однос на изборот и приказот на содржините, во дел од лекциите се презентирани фотографии и графички прикази во значително смален формат, што не му овозможува на ученикот полесно да го согледа и усвои она што треба да го научи. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Примерите и илустрациите во учебникот не се во целост прилагодени и во функција на наставните содржини. Во учебникот има фотографии со кои не се промовира во целост еднаквост и почитување на различности.

Во однос на подрачјето, поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот во некои делови според структурата и организацијата не овозможува прегледност и лесно користење. Во учебникот се забележуваат прашања кои не се во целост во функција на наставната содржина.

Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. Во учебникот не се забележани јазични и правописни грешки.

Во однос на подрачјето, дизајн, во учебникот графичкото обликување во некои делови не обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Во учебникот има фотографии и илустрации кои, и покрај тоа што се логички распоредени и посебно насловени, се со многу мали димензии и не овозможуваат лесна прегледност за ученикот. Надворешниот изглед на учебникот ги задоволува естетските стандарди.

Согласно горенаведеното, Комисијата констатира дека во ракописот за учебник се застапени содржини кои не се доволно во функција на постигнување на стандардите за оценување и резултатите од учењето. Постојат и стандарди за оценување, предвидени со наставната програма за осмо одделение, кои не се целосно опфатени. Во учебникот има фотографии и илустрации со многу мали димензии и не овозможуваат лесна прегледност за ученикот и фотографии со кои не се промовира еднаквост и почитување на различностите.

Според тоа, Комисијата за ракописот на учебник за наставниот предмет по Географија за осмо одделение од деветгодишното основно образование со шифра 28 не дава позитивно стручно мислење.

Комисија:

м-р Ирена Никоска Ајановска, Советник
м-р Трајче Калевски, Советник

Министерство за образование и наука -Биро за развој на образованието
Ministria e ArsimitdheShkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**Стручно мислење за учебник по географија за осмо одделение основно деветгодишно образование врз основа на Решение бр. 02-170/10 од 2.02.2026 година со шифра 29**

Комисијата внимателно го разгледа доставениот ракопис на учебник по предметот Географија за осмо одделение на деветгодишното основно образование со шифра 29 и врз основа на наставната програма по Географија за осмо одделение, „Концепцијата за деветгодишно основно образование“, „Концепцијата за изработка на учебник“ и „Методологијата за вреднување на учебник“ го дава следното Стручно мислење:

Од направената анализа на ракописот за учебник по Географија за осмо одделение од деветгогодишното основно образование, Комисијата утврди дека истиот е изработен во обем од 161 страница и во него се истакнати следните елементи: предговор, користење на учебникот, содржина, прашања за проверка на знаењето на темата, речник на помалку познати зборови и користена литература.

Во однос на подрачјето, усогласеност со наставната програма, учебникот не ги следи темите/подрачјата/модуларните единици како што е предвидено со наставната програма. Во учебникот не се дефинирани и точно означени четири тематски целини како што е предвидено во наставната програма, туку сите содржини од наставната програма се дефинирани и означени како тематски целини, поради што во учебникот се издвоени вкупно осум теми. Во учебникот се застапени содржини кои не се доволно во функција на постигнување на стандардите за оценување и предвидените резултати од учењето. Постојат стандарди за оценување и поими предвидени со наставната програма за осмо одделение, кои не се целосно опфатени во учебникот.

Во однос на изборот и приказот на содржините, во дел од лекциите не се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Во учебникот примерите и илустрациите не се во целост прилагодени и во функција на наставните содржини. Во учебникот има фотографии кои не се соодветно распределени според содржината која се изучува. Учебникот не развива стереотипи и предрасуди и промовира еднаквост и почитување на различностите.

Министерство за образование и наука -Биро за развој на образованието
Ministria e ArsimitdheShkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Во однос на подрачјето, поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот во некои содржини не е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење.

Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. Во учебникот не се забележани јазични и правописни грешки.

Во однос на подрачјето, дизајн, во учебникот графичкото обликување овозможува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Надворешниот изглед на учебникот ги задоволува естетските стандарди.

Согласно горенаведеното, Комисијата констатира дека во ракописот за учебник не се дефинирани и точно означени четири тематски целини како што е предвидено во наставната програма. Постојат стандарди за оценување и поими предвидени со наставната програма за осмо одделение, кои не се целосно опфатени во учебникот. Во дел од лекциите не се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Во учебникот има фотографии кои не се соодветно распределени според содржината која се изучува.

Според тоа, Комисијата за ракопис на учебник за наставниот предмет по Географија за осмо одделение од деветгодишното основно образование со шифра 29 не дава позитивно стручно мислење.

Комисија:

м-р Ирена Никоска Ајановска, Советник

м-р Трајче Калевски, Советник

Република Северна Македонија
Republika e MaqedonisësëVeriut
Republic of North Macedonia

Ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 20, Скопје
St. “RugjerBoshkovikj” nr. 20, Skopje

+389 2 3064131
www.bro.gov.mk